Бр. 02–127/48
23.1.2024 година
Скопје

Врз основа на член 19, член 40 и член 94, став 1, точка 31. од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 347 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/2022) и Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат на седницата одржана на 23.1.2024 година, донесе

# УПАТСТВО
## за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и неговите единици

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со ова Упатство се уредуваат постапките за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Универзитетот) и неговите единици.

**Член 2**

Самоевалуација на високообразовната установа врши комисија за самоевалуација на Универзитетот, односно на единицата на универзитетот на начин и според услови определени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација и Правилникот за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Постапка на самоевалуација**

**Член 3**

Високообразовната установа при спроведувањето на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет односно постапката за самоевалуација, се раководат од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, утврдени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.

**Член 4**

Постапката за самоевалуација започнува и се спроведува координирано на сите единици на Универзитетот.

Роковите, почетокот и траењето на постапката за самоевалуација на единиците и Универзитетот се определуваат со одлука на Советот за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Совет за квалитет) и се доставуваат до единиците на Универзитетот.

По завршувањето на постапката за самоевалуација на единиците, започнува и постапката за самоевалуација на Универзитетот.

Универзитетот во постапката за самоевалуација ги користи податоците од извештаите за самоевалуација на единиците во негов состав.

**Стандарди и индикатори за квалитет**

**Член 5**

Стандардите за квалитет во високото образование се:
- Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет;
- Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми;
- Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот;
- Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати;
- Стандард 5 - Наставен кадар;
- Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите;
- Стандард 7- Управување со информации;
- Стандард 8 - Информирање на јавноста и
- Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација.

**Член 6**

Исполнетоста на стандардите се утврдува преку индикаторите утврдени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.

**Извештај за самоевалуацијата**

**Член 7**

Комисијата за самоевалуација, изготвува извештај за резултатите од евалуацијата. Извештајот содржи и:

- оцена на состојбата и
- предлози и мерки за надминување на констатираните негативни појави во остварувањето на дејноста на единицата.

Извештајот за самоевалуација се пишува за интерни потреби на единицата и на Универзитетот и за екстерни потреби - за надворешна евалуација.

Извештајот треба да биде аналитички и самокритички.

**Член 8**

Извештајот е составен од:

1. Извештај за самоевалуација на установата. Извештајот се изготвува пополнет на образецот утврден од Одборот за евалуација. По правило, за потребите на надворешната евалуација Извештајот се изготвува и на англиски јазик;
2. Придружна документација и
3. Други акти, документи, стратегии, планови и сл. кои се од значење за евалуација на квалитетот на високото образование.

**Објавување на извештајот за самоевалуацијата**

**Член 9**

Извештајот за самоевалуацијата задолжително се објавува на интернет-страницата на единицата и на интернет-страницата на Универзитетот.

**Член 10**

Самоевалуацијата се спроведува на интервал од две години.

Составен дел на самоевалуацијата е

- анкета на студентите за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар;
- анкета за општите услови за студирање;

- анкета за општите услови за работа на наставниот кадар и
- анкета за општите услови на стручно-административниот кадар.

Анкетата за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар се спроведува за секој предмет одделно, на сите три циклуси на студии, за секоја учебна година, на крајот на семестарот.

Анкетата за општите услови за студирање, анкетата за општите услови за работа на наставниот и анкетата за општите услови за работа стручно-административниот кадар се спроведува еднаш годишно/во секоја учебна година.

Роковите за спроведување на анкетите од ст. 2 на овој член ги утврдува Советот за квалитет.

Анкетата се спроведува во електронска форма на стандардизиран образец за сите единици на Универзитетот наведен во прилог на ова упатство.

Пополнувањето на анкетата е задолжително за студентите, наставниот и стручно-административниот кадар.

Резултатите од претходно наведените анкети се вклучуваат во Извештајот од самоевалуација.

**Акциски план**

**Член 11**

Врз основа на Извештајот за самоевалуацијата на Универзитетот односно единицата, Советот за квалитет на Универзитетот односно единицата предлага Годишен акциски план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на дејноста, насоки за негово спроведување, дополнителни индикатори за квалитет и план за следење на реализацијата и континуирано унапредување.

Годишниот акциски план се изготвува на соодветен образец утврден согласно чл. 12 од ова Упатство.

За реализација на акцскискиот план на ниво на Универзитетот односно единицата се подготвува Годишен извештај утврден согласно чл. 12 од ова Упатство.

**Член 12**

При спроведувањето на постапката за самоевалуација задолжително се користат следниве обрасци:

- Образец за Извештај за самоевалуација;
- Образец за придружна документација;
- Образец за анкети;
- Образец за Годишен акциски план на Универзитетот односно единицата и
- Образец за Годишен извештај за реализација на акцискискиот план на ниво на Универзитетот односно единицата.

Обрасците од ст.1 на овој член се утврдуваат со одлука на Советот за квалитет и се доставуваат до единиците на Универзитетот.

**Завршни одредби**

**Член 13**

Постапката за самоевалуација на Универзитетот односно единиците ќе започне во рок од 60 дена од влегувањето во сила на ова Упатство за тековната учебна година.

Аксиските планови на Универзитетот односно единиците за учебната 2024/25 година ќе се усвојат најдоцна до 30 септември 2024.

**Член 14**

Обрасците од чл. 12 на ова Упатство ќе ги утврди Советот за квалитет во рок од 30 дена од неговото формирање.

**Член 15**

Со денот на влегување во сила на ова Упатство престанува да важи Упатствоти за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот (Универзитетски гласник бр. 244/2013)

**Член 16**

Ова Упатство стапува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник*.

**Претседател**

**Проф. д-р Сашо Еленчевски**